# E-CRIS - Информациски систем за истражувачката дејност во Македонија

Веб-апликација E-CRIS која Институтот за информациски науки во Марибор (IZUM) бесплатно ја понуди на корисниците на апликациите COBISS има за цел да воспостави евиденција на истражувачите и установите во Република Македонија.

E-CRIS базата е неопходна за следење и евалуација на резултатите од истражувањата реализирани во рамките на повеќе национални библиотечно-информациски системи од мрежата COBISS.Net. Националниот E-CRIS систем е поврзан со националниот библиотечно-информациски систем COBISS, и овозможува непосреден увид во биографските и библиографските податоци на истражувачите и истражувачките организации. **Националниот E-CRIS систем вклучува база на податоци за истражувачи, истражувачки организации и оддели и истражувачки проекти**. Податоците во базата се меѓусебно поврзани. Податоците во базата се внесени на македонски и англиски јазик.

веб страна: http://e-cris.mk.cobiss.net/